

МОДУЛ 5

# Уредување на опружувањето

Project Naturalistic Teaching



# Уредување на опружувањето

# СОДРЖИНА


Уредување на опкружувањето .......... 1

1. Правење на нештата недостижни .......... 4

2. Давање во ограничени количини / дел по дел .......... 9

3. Оставање на нештата нецелосни .......... 13

4. Создавање на моменти на изненадување / неочекувани ситуации .......... 18

# Уредување на опружувањето

Природната средина во која детето живее, односно престојува нуди бројни можности да се научат основните вештини и однесувања кои тоа дете треба да ги совлада. Како наставници, една од нашите основни задачи е да ги уредиме природните средини на детето така што детето да може најлесно и најдобро да ги стекне и/или да ги зајакне основните вештини и однесувања. Со други зборови, додека вообичаените рутини, активности и преодни периоди или т.н. „транзиции" што се одвиваат во текот на денот во предучилишните установи нудат природни можности за учење, во некои случаи е неопходно тие да се организираат на начин соодветен за постигнување на целите определени за детето.

Средината на детето се адаптира, односно се уредува наставното опкружување за да се создаде „потреба за учење" за детето и „средина за поучување" за наставникот во насока на стекнување или зајакнување на посакуваните вештините и однесувањата на детето. Најважниот аспект кој треба да се запази е дека овие уредувања мора да бидат „природни" - да се дел од секојдневната рутина, активности и искуства на детето.

## Уредување на опкружувањето

Додека на уредувањето на опкружувањето може да се гледа како на почетен дел на процесот на поучување во природна средина, тоа, во некои случаи, има и улога на стратегија за спречување на проблематично однесување. Сепак, таквите манипулации со наставната околина не треба да се сфатат како изолирана поддршка или метод на настава, туку тие се на почетокот на процесот на природна поддршка и се користат заедно со стратегиите и техниките за поддршка. Со други зборови, уредувањето на опкружувањето создава можност да се користат наставни стратегии и техники. Процесот на поучување во природна средина понекогаш се започнува со уредување на опкружувањето, а потоа детето се поттикнува со индивидуални методи и техники. Во овој дел, ќе се дискутира за уредувањето на опкружувањето, додека наставните стратегии и техники се детално обработени во брошурата „Стратегии и техники за поучување во природна средина“.



Уредувањето на опкружувњето се обработува во четири наслови:

**01** Правење на нештата недостижни

**02** Давање во ограничени количини / дел по дел

**03** Оставање на нештата нецелосни

**04** Создавање на моменти на изненадување / неочекувани ситуации

# 1.Правење на нештата недостижни

Правењето на нештата недостижни е најосновниот и можеби најважниот начин на уредување на опкружувањето. Целта на ова уредување е да се создаде потреба детето да комуницира со наставникот или друго возрасно лице така што предметот или ситуацијата која детето сака да ја постигне ќе бидат направени недостижни, односно недостапни за него. Со овој аранжман, физички или социјално се спречуваат ситуациите до кои детето сака да дојде или да ги постигне. Важно е да се одлучи на кој начин и како оваа инхибиција ќе биде во согласност со целите утврдени за детето. Кога ситуациите до кои детето сака да дојде се прават недостапни земајќи ги предвид неговите интереси и барања, ќе се создаде можност за учење/поучување за соодветната ситуација.



Многу предмети, играчки или ситуации со кои детето е во контакт во текот на денот, а кои често не ги сфаќаме, можат да се користат за се поттикне учењето.

Во табелата подолу се дадени примери за уредување на опкружувањето со помош на кое можете да ја подобрите мобилноста и/или комуникациските вештини на детето.

## СЛОБОДНА ИГРА

- Ставете ги сложувалките во затворена кутија или тегла, односно на полица недостапна за детето.
- Ставете ги играчките со кои детето сака да си игра во затворена кутија или тегла, односно на полица недостапна за детето.
- Оставете ги играчките со навивање/отварање кои бараат активно користење на фините моторни вештини (прстите) со затворени капаци.

## ПОЈАДОК

- Дајте му го на детето пијалокот во затворено пластично шише.
- Ставете ја храната во затворени, проѕирни кутии кои може да се отворат со помош на прсти.

## ТОАЛЕТНА РУТИНА

- Вратата од училницата нека биде затворена.
- Вратата од тоалетот нека биде затворена.
- Славината нека биде затворена.

## ОДЕЊЕ ДОМА

- Намерно оставете му ги врвките (или лепенките) на чевлите одврзани или заврзани, во зависност од ситуацијата.

## ЛИКОВНО

- Ставете ги боичките во проѕирна кутија.

Во однос на примерите на претходната страница, држењето на вратите затворени (но не заклучени!) пред да се излезе од просторијата/училницата или кога се користи тоалетот создава животна ситуација во која децата се охрабруваат да ги развијат своите фини моторни вештини во една секојдневна ситуација (момент за учење/поучување во природна средина на детето). Барањето од детето само да ја отвори вратата или да ја пушти чешмата нуди искуство во однос на мобилноста (употреба на нешто со рака). Како дополнување, наставникот користи соодветни стратегии за поучување и техники за давање помош (поттикнување) кои му се потребни на детето, за што зборувавме во претходните делови.

Играчките на навивање кои можат активно да се користат со прстите за време на слободната (неструктурирана) игра, исто така, можат да создадат нови искуства на мобилност за детето, особено ако играчката е затворена или ненавиена и од детето се бара самото да ја навие или отвори.

За време на ликовните проекти, боичките можат да се ставаат во проѕирни кутии или во тегли, а за време на оброците храната и пијалоците да бидат во затворени контејнери и шишиња, така што децата ќе треба сами да дојдат до боиците, бисквитите или до водата. Значи, работите од интерес се поставени на видливо место, но надвор од дофатот. Уште еден пример за свесно дизајнирана животна ситуација во која се поттикнува независноста на детето во секојдневниот живот е барањето од детето само да ги одврзе врвките на чевлите или да ги одлепи лепенките кога ќе си дојде дома.

Горенаведените примери за уредување на околината или за правењето на работите потешко достапни не само што можат да се користат за унапредување на индивидуалните способности на детето, туку и за развивање на други, многу различни способности истовремено или одделно, како што е способноста да се комуницира или да се биде самостоен, односно да се грижи за себе си.

На пример, ако боичките потребни за боење се ставаат во проѕирна тегла и цврсто се затворат или вратата кон надвор е затворена, се создава „пречка“ помеѓу детето и саканиот предмет или активност - со што „целниот објект“ станува првично недостижен или барем потешко достапен. Во овој случај, детето ќе почувствува потреба да комуницира со наставникот за да го добие она што го сака и ќе се стреми да го направи токму тоа: да комуницира со него.

Важно е да се земат предвид напорите на детето и соодветно да се поттикнат неговите вештини. На пример, со погледи (прво кон капакот/вратата, потоа кон наставникот, потоа повторно кон капакот/вратата), гестови, знаци, поединечни зборови („Отвори“) или реченици („Дај бои“, „Отвори ја вратата“) итн., тоа бара да се отвори капакот на теглата, да му се дадат боичките, да се отвори вратата и  слично.

Во такви ситуации, исклучително е важно да се обезбедат соодветни и значајни стимули за дополнително стимулирање и проширување на одговорот на детето.






Во таквите прилагодувања на околината кои имаат за цел да ја отежнат пристапноста, многу е важно предметот или активноста што се прават недостапни за детето да биде нешто што детето го посакува. Затоа, потребно е добро да се познава детето. Детето, исто така, треба да знае што е она што наставникот го направил недостапно.  Потоа, кога детето ќе ги посака боичките и ќе ги види во затворената проѕирна кутија, се создава ситуација детето да побара од наставникот да ги добие боичките.

Во зависност од тоа како ќе се направи уредувањето, можат да се појават и ситуации на проблеми во однесувањето или бес. Во такви случаи, не треба да бидете премногу упорни. Во ваквиот случај, кога детето ќе побара некој предмет или некоја активност, почекајте околу 3-5 секунди, а потоа понудете или поддржете решение или активност соодветно на нивото на развој на детето.



# 2. Давање во ограничени количини / дел по дел

Уредувањето на опкружувањето во насока на ставање на располагање само ограничена количина или дел има за цел да се создаде можност детето да сака повеќе од нешто што му е потребно или го интересира (играчки, алатки, храна и пијалок, итн.), а кое го добило во ограничена количина и на тој начин да иницира интеракција со возрасното лице - наставникот.

Со други зборови, се работи за разделување на една целина, една активност или рутина која му е потребна на детето на поединечни делови.

Оваа адапрација на околината се смета за ефективен и важен аранжман, особено за унапредувањето на социјалните и комуникациските вештини, бидејќи таа оневозможува детето веднаш да ја достигне ситуацијата што му е потребна или му е од интерес.



Уредување на опкружувањето

Со ова уредување, работите што детето ги сака се социјално или физички блокирани или чувани од страна на наставникот и се создава можност детето да го изрази (вербално или невербално) она што го сака. Така, се отвора можност за природно учење на социјалните и комуникациските вештини. Со овој аранжман, наставникот ги поддржува сите развојни области на детето, особено учеството во интеракцијата и комуникацијата, со соодветни наставни стратегии и техники кои му се потребни на детето.

Во примерот што следи, наставникот им дава можност на учениците да ги изразат своите желби давајќи им ги овошките една по една, односно во ограничена количина за време на оброк.




Во многу фази на рутините и активностите, ваквата стратегија на „ограничено давање“ може да се користи за да се иницира комуникација или да се поддржи постоечкото учество во комуникацијата и интеракцијата.

## Ц Е Л

### Изразување барања

Примерите подолу илустрираат дека може да се создадат безброј можности во текот на денот за „изразување на желби“. Однесувањето или способноста што се очекува од детето за таква намена може да се разликува од дете до дете: додека за некои деца тоа е само моментален контакт со очите, од други се очекува да покажат на нешто или пак од други да ја изразат својата желба вербално. Ова очекување се формира врз основа на моменталното ниво на развој на детето и неговите способности.

### СЛОБОДНА ИГРА

- Давајте му ги на детето деловите од сложувалките еден по еден.
- Давајте му ги на детето коцките една по една.
- Давајте му ги калапчињата за оформување на песок едно по едно.

### ПОЈАДОК

- Ставете малку од омилениот пијалок на детето (неколку капки) во неговата чаша.
- Ставете многу малку од омилената храна на детето во чинијата (како на пр. многу мало парченце торта, мало парче ѓеврек).
- Ставете многу малку леб на масата.
- Давајте му ги на детето маслинките една по една.

### ЛИКОВНО

- Давајте му ги на боичките на детето една по една.

Како што видовме, детето е заинтересирано за некој предмет, некоја играчка, одреден тип на храна и пијалок и сл. и тие му се даваат во ограничени количини. На пример, не ги ставаме сите боички пред детето кога тоа бои, туку наставникот ги чува другите боички и потребните предмети кај себе, што му го отежнува пристапот на детето до она што можеби му треба и на тој начин му дава можност да комуницира. Истото важи и за примерот со сложувалки, игри со коцки и пијалоци и храна. Со помош на ваквото уредување на опкружувањето, некои деца ќе можат да ги изразат своите желби преку контакт со очи, други преку покажување, а трети преку вербални изрази („Сакам молив“ или „молив“ итн.). На детето кое не реагира, наставникот може да му постави прашања, на пример: „Што сакаш?“. И овде, наставникот може да дава упатства велејќи, на пр.: „Сакаш...?“ и да побара од детето да ги изрази своите желби (да воспостави контакт со очи, да покаже или вербално да се изрази). Во зависност од одговорот на детето (точен одговор, погрешен одговор, без одговор), наставникот може да послужи како пример – да послужи како модел за одговорот на детето.

Томе, на пример, ги изразува своите наредби и прашања со знаци, гестови и изрази на лицето. Тој може да користи само поединечни зборови во многу ограничена мера. Се обидува да му ги одземе коцките на наставникот. Наставникот потоа му ги дава коцките на Томе една по една, т.е. ја спроведува стратегијата на „ограничена количина“ - и на тој начин создава можност Томе да искаже барање: „Дај“.






# 3.Оставање на нештата нецелосни

„Нецелосното“ уредување на опкружувањето се постигнува со тоа што не се обезбедуваат (целосно) некои од материјалите потребни за одреден чин или активност и се прави да изгледа како да се прескокнати некои чекори од чинот/активноста. На пример, ставате супа во чинијата на детето и се преправате дека сте ја заборавиле лажицата. Давате четка за заби да ги измие забите и се преправате дека сте ја заборавиле пастата за заби. Подготвувате хартија за цртање и се преправате дека сте го заборавиле моливот. Сето ова се примери на „оставање на нештата нецелосни“. Овде се очекува детето да контактира со возрасното лице, односно наставникот и да го побара од него материјалот што недостасува. Со други зборови, во овие ситуации на детето му се потребни материјалите што недостасуваат за да ја заврши чинот/активноста и има можност да ги побара тие материјали. Како и во другите стратегии за уредување на средината, возрасното лице ги поддржува сите аспекти на развојот на детето, особено социјалните и комуникациските вештини, со соодветни стратегии за поддршка на детето и техники (поттикнување) кои му се потребни.

Од примерите на следната страница, станува јасно дека има многу рутини, активности и транзиции во текот на денот поминат во една предучилишната установа кои вклучуваат конкретни чекори или алатки. Со текот на времето, децата се запознаваат со овие рутини, активности и транзиции. Во уредувањето со нецелосност, намерно се создаваат иритации во овие познати ситуации. Прескокнувањето или пропуштањето на некои познати чекори во рутините, активностите и транзициите дава можност за природно развивање на многу вештини кај детето.

## Ц Е Л

Изразување желби

### ПОЈАДОК

• Не му ја давате на детето чинијата или лажицата, се преправате дека сте ја заборавиле.

• Му давате на детето чинија, но не му ставате храната во чинија - се преправате дека сте заборавиле.

• Му давате на детето да јаде, но не му давате пијалок – се преправате дека сте го заборавиле.

• Откако ќе му сипете чај во чашата на детето, не му ставате шеќер и се преправате дека сте заборавиле.

### ЛИКОВНО

• Му давате на детето глина за моделирање, но не му ги давате алатките и опремата за таа намена; се преправате дека сте заборавиле.

• Му давате на детето боички, а не му давате хартија; се преправате дека сте заборавиле.

### ТОАЛЕТ

• Не му давате на детето крпа да се избрише после миењето на рацете, преправајќи се дека сте заборавиле.

### РУТИНА НА ЧИСТЕЊЕ

• Му давате на детето четка за заби, а не му ставате паста; се преправате дека сте заборавиле.

## Да објасниме со друг пример...

Наставничката Зора има ученик по име Тони кој има нарушување од аутистичниот спектар. Тони има ограничувања во започнувањето и одржувањето на интеракцијата. Наставничката Зора има за цел Тони да иницира интеракција преку воспоставување контакт со очите со неа. За да ја постигне оваа цел, таа однапред размислува во кои активности, рутини и транзиции Тони може да учествува во училницата во текот на денот и планира кои чекори од овие активности, рутини и транзиции треба да ги прескокне. Според ова, наставничката Зора им ги дава боенките на учениците на масата за време на ликовната активност, но не му дава боенка на Тони - таа го прескокнува него и чека тој да оствари контакт со очите со неа. Кога Тони сфаќа дека нема боенка и погледнува во учителката Зора, учителката вели: „Браво, Тони, толку добро ме погледна“ и продолжува: „Ова е твојата боенка.“ и му ја дава боенката. Ако Тони не забележи дека нема боенка или се прави дека не забележува, учителката Зора со изненаден тон вели: „Ааааа... дечиња, кој нема боенка? Тони!... Нели?" Таа создава можност да го привлече вниманието на Тони и тој да воспостави контакт со очите со неа. Кога ќе се воспостави контактот со очи, таа вели: „Браво, Тони, толку добро ме погледна! Ова е твојата боенка“. И му ја дава боенката да бои.

Учителката на Зора ја користи стратегијата на „нецелосност“ при уредувањето на опкружувањето во наставниот процес со тоа што: изоставува некои делови од приборот за јадење додека ги дели чиниите и чаши за време на оброците; не му ги дава потребните алатки за одредена игра; му дава сапун за да си ги измие рацете, а ја исклучува водата; или, пак, го седнува Тони на лулашката на игралиштето, а не го ниша.

Така, таа создава многу можности за Тони да иницира интеракција преку воспоставување контакт со очите со неа во текот на денот.

## Уредување на опкружувањето

Тони е ученик со нарушување од аутистичниот спектар и има ограничувања во воспоставувањето контакт со очи и вештините за иницирањето интеракција. Наставничката Зора имаше за цел нејзиниот ученик Тони да иницира интеракција преку воспоставување контакт со очите со неа:



Боро е ученик со Даунов синдром. Боро комуницира на ниво на еден збор, но има ограничувања во изборот и користењето соодветни зборови за да ги изрази своите желби. Наставнничката на Боро користи соодветно уредувања на опкружувањето, односно на училницата, за да ги поддржи овие вештини во кои Бора има ограничувања.

Во примерот подолу, наставничката не му ја дала вилушката на Боро за време појадокот, оставајќи го овој чекор од чинот на јадење нецелосен, со што му дала можност на детето да побара.




2. По инструкции на наставникот, Боро сфаќа дека нема вилушка за јадење и гледа наоколу.

4. Без вербален израз, Боро покажува на вилушката што ја остави наставничката.

# 4. Создавање на моменти на изненадување/ неочекувани ситуации

На часовите во предучилишна установа, на децата може да им се создадат моменти на изненадување/неочекувани ситуации со тоа што ќе се однесуваме како да сме заборавиле нешто или да сме направиле нешто по грешка, со правење нешто различно од она што на детето му е познато или со ставање предмет/материјал што не е во согласност со околината или со активноста. Во вака создадените изненадувачки моменти и неочекувани ситуации, се појавуваат можности детето природно да стекне многу вештини.

Сара, на пример, има нарушување од аутистичниот спектар. Таа има потешкотии во воспоставувањето контакт со очите. Наставничката создава момент на изненадување, односно неочекувана ситуација ставајќи ги очилата на Сара наопаку и   дава можност да иницира интеракција со неа.



## Да објасниме со друг пример...

На пример, за еден ученик кој има потреба од целна комуникација, изразува желби и сака автомобили, активностите како што се возење на брод по патеката или летање на автомобили наместо авиони можат да обезбедат можности за развивање на оваа комуникациска вештина. Освен тоа, кога се работи за дете кое има потешкотии во комуникацијата и воспоставување на контакт со очите, ситуации како што се ставање чорапи на раката наместо на нозете, носење на очила наназад, ставање на ракавот од палтото на главата наместо на раката и слично можат да го натераат детето да го погледне возрасното лице (наставникот, на пример), односно да воспостави контакт со очите со него. Во таква ситуација, потоа возрасното лице воспоставува контакт со очите и вели: „Браво, многу убаво ме погледна; може ли да се носат чорапи на раката?“, „Ќе ги носиме на нозете, кај ти се нозете?“, „Ајде, облечи ги чорапите на нозете“. Со ваквите коментари можете да им дадете значење на вашите постапки и на тој начин да ги промовирате сите области на учество на детето.



## ЦЕЛ

### Изразување желби

Следната листа дава примери за тоа како изненадувањата и неочекуваните ситуации можат да се вклучат во рутините, активностите и транзициите во текот на денот.

### СЛОБОДНА ИГРА

- Давате автомобил на детето иако тоа сака кукла за играта „татко-мајка-дете“.
- Го храните автомобилчето наместо бебето-кукла во играта.
- Чувајте го новите и различните коли со различна боја кои му се интересни на детето во катчето за слободна игра.

### ПОЈАДОК

- Ставате бисквити во чашата наместо вода.
- Му давате чаша на детето кое сака чинија.
- Му давате на детето молив наместо вилушка.

### ЧИТАЊЕ

- Ставете шарени книги со многу слики кои се поголеми од другите книги во библиотеката, а кои може да го привлечат вниманието на детето.
- Разгледувате сликовница одназад, ги читате текстовите почнувајќи од крајот.

### ЛИКОВНО

- Давате прибор за јадење наместо калапи за моделирање на пластелин.

### ТРАНЗИЦИЈА

- Ги ставате чевлите на рацете наместо на нозете.
- Ја заклучувате вратата на училницата.

Како што можеме да видиме на претходната страница, ситуации како што се давање автомобил на детето кое ја сака куклата бебе за играње семејство, ставање бисквити во чашата наместо вода за време на појадокот, давање чаша на детето кое сака чинија се примери за уредувања на околината кои создаваат моменти на изненадување, односно неочекувани ситуации.

Наставничката Магда еден ден донесува различни нови играчки за кои знае дека можат да го привлечат вниманието на децата и учествува во детската слободна игра користејќи ја стратегијата за создавање на моменти на изненадување/неочекувани ситуации. Таа создава повеќе моменти на изненадување/неочекувани ситуации за децата - ѝ ја облекува облеката на куклата наопаку, или пак, играјќи се со шарени колички, им дава авиончиња или чамчиња на децата кои бараат колички.



Речиси секоја активност или игра се состои од специфичен редослед или рутина. Со други зборови, редоследот и материјалите на настанот или играта се повеќе или помалку сигурни или очекувани. Кога се менуваат материјалите потребни за оваа низа или игра/активност, оваа ситуација станува изненадувачка и неочекувана за детето и предизвикува детето неволно да реагира.

На пример, со создавањето на ситуации каде што ќе му дадете на детето дел од сложувалка наместо калапче за обликување на пластелин при правењето форми, ќе му дадете вилушка наместо лажица за да јаде супа, ќе се обидете да му ги ставите чорапите на рацете кога излегувате или ќе се обидете да го натерате да облече чизмички без претходно да ги соблече толинките, можете да создадете можности да започне комуникација со создавање пречки во ситуации кои детето веќе ги знае и/или ги очекува. Во овој случај, детето може да побара лажица наместо вилушка, односно да покаже дека треба да носи чорапи на нозете, а не на рацете.

Како што знаете, секое дете го развива јазикот со различно темпо. Според тоа, и реакциите на децата на овие видови на уредување на опкружувањето исто така ќе се разликуваат. И покрај овие разлики, овие начини на уредување на наставната околината можат да се користат за да се поддржи и поттикне учеството на детето во комуникацијата кога се обидува да се изрази на одреден начин. Затоа што секој дијалог што го имате со детето во создадените забавни и едукативни контексти е исклучително важен за да му дадете на детето јазични импулси.

# ЛИТЕРАТУРА


Bricker, D., Pretti-Frontczak, K., & McComas, N. (1998). *An activity-based approach to early intervention.* Baltimore, MD: Paul H. Brookes Publishing Co.

Diken, İ. H. (2012). *Erken çocukluk döneminde doğal ortamlarda öğretim. Örnek olaylarla ve resimlerle zenginleştirilmiş anne-baba ve uzman/eğitimci el kitabı (3. Baskı).* Ankara: Maya Akademi Yayınları.

Fey, M. E. (1986). *Language intervention with young children.* Austin, TX: Pro-Ed Co.

Kuder, J. S. (1997). *Teaching students with language and communication disabilities.* USA: Allyn and Bacon.

McCauley, R., & Fey, M. (2006). *Treatment of language disorders in children.* Baltimore: P. H. Brookes Pub.

McCormick, L. & Schiefelbusch, R. L. (1990). Early language intervention: An introduction. Columbus, OH: Merrill Publishing Company.

Owens, R. E. (1999). *Language disorders: A functional approach to assessment and intervention.* Neadham Heights, MA: Allyn & Bacon.

SPIES PROJECT (2010). http://www.spiesforparents.cpd.usu.edu/Start.htm adresinden 03.10.2016 tarihinde erişilmiştir.

Wilcox, M. J., Brown, J. C., Bacon, C. K., Greer, D.C., & Cruz, B. (2001). *Infant child research programs-student clinician handbook.* Tepme-AZ: Arizona State University Pub.

# ЗАБЕЛЕШКИ

Project Naturalistic Teaching

www.naturalisticteaching.com